## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 63 став (5) од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија„ бр. 7/08, 67/10, 47/11 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА АКВАКУЛТУРА ОДНОСНО НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА АКВАКУЛТУРА

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неиздавање на дозвола за аквакултура односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за аквакултура во рокот утврден во член 63 став (3) од Законот за рибарство и аквакултура.

**Член 2**

(1) Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец: „Барање заради неиздавање на дозвола за аквакултура односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за аквакултура", во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице-подносител на барањето, седиште на правното лице односно име на физичкото лице-подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето, датум и место за потпис на подносителот на барањето.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 03-10193/1

27 октомври 2011 година — Министер,

Скопје — Љупчо Димовски, с.р

Прилог

ДО
Писарницата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство

БАРАЊЕ
заради неиздавање на дозвола за аквакултура односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за аквакултура

Од______________________________________________________________
(назив на правното лице/име и презиме на физичко лице)

______________________________________________________________
( седиште на правно лице/адреса на физичко лице)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам, согласно рокот утврден во член 63 став (7) од Законот за рибарство и аквакултура, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да постапи по барањето за издавање на дозвола за аквакултура поднесено под број _________________ од _____________ до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, чија копија ви ја доставувам во прилог.

Датум и место на поднесување                    Барател
______________________________                    ___________________.